# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

## И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2017 ГОДИНА

---

**Скопје, февруари 2018 година**

## Содржина


1. Предметно работење на ниво на суд ........ 3
1.1 Годишен извештај за 2017 за работата на Управен суд ........ 3
2. Судска управа ........ 4
3. Квалитет на предмети на ниво на суд ........ 4
4. Предметно работење на ниво на оддел ........ 5
4.1 Состојба со предмети во одделот за имотно-правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права ........ 5
4.1.1 Состојба со предметите од имотно – правната област и други права ........ 5
4.1.2 Состојба со предметите од областа на урбанизамот, градежништвото и други права ........ 6
4.2 Состојба со предмети во одделот за денационализација и други права ........ 6
4.3 Состојба со предмети во одделот на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права ........ 7
4.3.1 Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права ........ 7
4.3.2 Состојба со предметите од одбласта на царините и други права ........ 7
4.4 Состојба со предмети во одделот за јавни набавки и други права ........ 8
5. Квалитет на предмети на ниво на оддел ........ 8
5.1 Оддел за имотно-правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права ........ 8
5.1.1 Предмети од имотно – правната област и други права ........ 8
5.1.2 Предмети од областа на урбанизамот, градежништвото и други права ........ 9
5.2 Оддел за денационализација и други права ........ 9
5.3 Оддел на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права ........ 9
5.3.1 Предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права ........ 9
5.3.2 Предмети од областа на царините и други права ........ 10
5.4 Оддел за јавни набавки и други права ........ 10
5.5 Одлуки по жалби од предмети на поранешни судии кои веќе не се во овој суд ........ 10
6. Состојба со стари предмети во 2017 година ........ 11
7. Кратки констанци за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси ........ 11
7.1 Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси ........ 11
7.2 Опременост и одржување на зградата на Судот ........ 13
7.3 Состојба и активности во делот на информатичката технологија ........ 14
7.4 Односи со јавност ........ 15
7.5 Јавни набавки ........ 16

## 1. Предметно работење на ниво на суд

### 1.1. Годишен извештај за 2017 за работата на Управен суд

Врз основа на генерирани статистички податоци од информацискиот системот за автоматско управување со судски предметите добиени се податоците кои се содржани во Табела 1. и тоа поделени по уписник.

| **Област** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Управни спорови, управна област и управни прекршоци** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно заведени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| **У - 1** | 1130 | 1126 | 27 | 3 | 2280 | 1161 | 1119 |
| **У - 2** | 870 | 832 | 45 | 3 | 1744 | 833 | 911 |
| **У - 3** | 948 | 719 | 34 | 4 | 1697 | 1269 | 428 |
| **У - 4** | 724 | 1035 | 27 | 6 | 1780 | 1156 | 624 |
| **У - 5** | 2496 | 2200 | 69 | 13 | 4752 | 2799 | 1953 |
| **У - 6** | 1658 | 1260 | 9 | 7 | 2920 | 1325 | 1595 |
| **УРП** | 20 | 200 | 6 | 7 | 219 | 179 | 40 |
| **УИ** | 60 | 68 | 5 | 3 | 130 | 94 | 36 |
| **УСПИ** | 7 | 113 | 2 | 1 | 121 | 78 | 43 |
| **УПР** | 839 | 896 | 39 | 6 | 1768 | 1229 | 539 |
| **УПРЦ** | 337 | 201 | 13 | 2 | 549 | 300 | 249 |
| **УПРД** | 54 | 54 | 14 | 2 | 120 | 87 | 33 |
| **УПРК** | 5 | 8 | 0 | 0 | 13 | 4 | 9 |
| **Вкупно - вид на предмет** | 9148 | 8712 | 290 | 57 | 18093 | 10514 | 7579 |
| **Вкупно - област** | **9148** | **8712** | **290** | **57** | **18093** | **10514** | **7579** |

**Табела 1**

На почетокот на 2017 година останати нерешени предмети од претходната година се 9148 предмети вкупно за сите уписници. Во текот на 2017 година новопримени се 8712 предмети додека повторно заведени се 290 предмети по различни основи. Од овде произлегува дека вкупно во работа во 2017 година биле 18093 предмети земајќи ги предвид и 57 предмети кои добиле статус на погрешно заведени. Со оглед на фактот дека во 2017 година решени се 10514 предмети, на крај на годината вкупниот број на остаток на нерешени предмети е 7579 предмети. Од овде произлегува дека во 2017 година приливот на решени во однос на новопримените и повторно заведените предмети е за 17,5 % совладан.

## 2. Судска управа

| Област | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени и повторно заведени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| СУ | 8 | 1452 | 0 | 0 | 1460 | 1453 | 7 |
| СУ-ДОВ | 0 | 11 | 0 | 0 | 11 | 11 | 0 |
| СПИ | 0 | 19 | 0 | 0 | 19 | 19 | 0 |
| УПП | 0 | 879 | 0 | 0 | 879 | 861 | 18 |
| Вкупно - вид на предмет | 8 | 2361 | 0 | 0 | 2369 | 2344 | 25 |
| **Вкупно - област** | **8** | **2361** | **0** | **0** | **2369** | **2344** | **25** |

**Табела 2**

Во анализираниот период, од предметите што се однесуваат на судската управа, примени се 1452 предмети, евидентирани во уписниците „СУ“, „СУ-01“, „СУ-02“, „СУ-03“, „СУ-04“, „СУ-05“, „СУ-07“, „СУ-ИЗЗ“, „СУ-СТР-ДОВ“, додека 11 предмети од уписникот „СУ-ДОВ“ , решени се 1464 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2017 година останале нерешени 7 предмети. Во уписникот „УПП“ се евидентирани 879 новопримени предмети, решени се 861 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2017 година останале 18 нерешени предмети, додека во уписникот „СПИ“ се евидентирани 19 новопримени предмети, решени се 19 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на годината не останале нерешени предмети како што е прикажано погоре во табела 2.

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Во 2017 година од Вишиот управен суд примени се вкупно 4228 предмети по кои е донесена одлука по жалба, од кои 3118 потврдени одлуки, 614 преиначени, 219 укинати, 1 делумно укинат како и 276 отфрлени што може да се види во табелата 3.

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 4228 | |
| Потврдени | 3118 | 73,75% |
| Преиначени | 614 | 14,5% |
| Укинати | 219 | 5,2% |
| Делумно укинати | 1 | 0,02% |
| Отфрлени | 276 | 6,53% |

**Табела 3**

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1. Состојба со предметите во<br>одделот за имотно – правна област и други права,<br>урбанизам, градежништво и други права

Во овој оддел функционираат два совета, од кои едниот е надлежен за предметите од имотно – правната област и други права, а другиот за предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други права.

### *4.1.1. Состојба со предметите<br>од имотно – правната област и други права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2017 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно правна област и други права **"У-1"** | 1130 | 1125 | 27 | 3 | 2279 | 1160 | 1119 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 6 | 16 | 0 | 3 | 19 | 18 | 1 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 0 | 9 | 0 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 11 | 11 | 2 | 0 | 24 | 22 | 2 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 43 | 99 | 3 | 1 | 144 | 107 | 37 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| ВКУПНО | 1193 | 1260 | 32 | 7 | 2478 | 1319 | 1159 |

**Табела 4**

## 4.1.2. Состојба со предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други права

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2017 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на урабнизам, градежништво и други права **"У-3"** | 948 | 719 | 34 | 4 | 1697 | 1269 | 428 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 5 | 38 | 1 | 0 | 44 | 34 | 10 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 1 | 24 | 2 | 1 | 26 | 16 | 10 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 4 | 6 | 1 | 0 | 11 | 7 | 4 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 75 | 138 | 7 | 0 | 220 | 175 | 45 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 2 | 7 | 0 | 0 | 9 | 1 | 8 |
| ВКУПНО | 1035 | 932 | 45 | 5 | 2007 | 1502 | 505 |

**Табела 5**

## 4.2. Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2017 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од денационализација и други права **"У-2"** | 870 | 832 | 45 | 3 | 1744 | 833 | 911 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 2 | 30 | 1 | 0 | 33 | 30 | 3 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 2 | 12 | 0 | 0 | 14 | 11 | 3 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 6 | 10 | 1 | 0 | 17 | 13 | 4 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 56 | 104 | 6 | 0 | 166 | 119 | 47 |
| Управни спорови од имотно правна област и други права **"У-1"** | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| ВКУПНО | 936 | 989 | 53 | 3 | 1975 | 1007 | 968 |

**Табела 6**

## 4.3. Состојба со предметите во одделот за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права

Во овој оддел функционираат два совета, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другиот за предметите од областа на царините и други права.

### *4.3.1. Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на пензиите, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права **"У-4"** | 724 | 1035 | 27 | 6 | 1780 | 1156 | 624 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 3 | 21 | 0 | 0 | 24 | 18 | 6 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 2 | 9 | 0 | 0 | 11 | 5 | 6 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 25 | 27 | 0 | 2 | 50 | 32 | 18 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 76 | 102 | 5 | 1 | 182 | 120 | 62 |
| ВКУПНО | 830 | 1194 | 32 | 9 | 2047 | 1331 | 716 |

**Табела 7**

### *4.3.2.Состојба со предметите од областа на царините и други права*

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2017 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на царина и други права **"У-6"** | 1658 | 1260 | 9 | 7 | 2920 | 1325 | 1595 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 4 | 50 | 2 | 4 | 52 | 40 | 12 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 0 | 22 | 0 | 0 | 22 | 12 | 10 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 10 | 2 | 0 | 1 | 11 | 9 | 2 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 341 | 171 | 10 | 3 | 519 | 327 | 192 |
| Управни прекршоци-царина **"УПРЦ"** | 337 | 201 | 13 | 2 | 549 | 300 | 249 |
| ВКУПНО | 2350 | 1706 | 34 | 17 | 4073 | 2013 | 2060 |

**Табела 8**

### 4.4. Состојба со предметите во одделот за јавни набавки и други права

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети во 2017 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток нерешени предмети на крај на година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од областа на даноци и други права **"У-5"** | 2496 | 2200 | 69 | 13 | 4752 | 2799 | 1953 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 0 | 45 | 2 | 0 | 47 | 39 | 8 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 2 | 37 | 0 | 0 | 39 | 25 | 14 |
| Барање за извршување на пресуда **"УИ"** | 4 | 12 | 1 | 0 | 17 | 11 | 6 |
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 248 | 282 | 8 | 1 | 537 | 381 | 156 |
| Управни прекршоци-даноци **"УПРД"** | 54 | 54 | 14 | 2 | 120 | 87 | 33 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| ВКУПНО | 2804 | 2631 | 94 | 16 | 5513 | 3342 | 2171 |

**Табела 9**

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

Во 2017 година, во Управен суд се поднесени 4166 жалби, а од Вишиот управен суд, со второстепени одлуки се вратени 4228 предмети.

Состојбата со примени предмети со второстепени одлуки од Вишиот управен суд, табеларно на ниво на оддели е прикажана во следните табели:

### 5.1. Оддел за имотно правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права

#### *5.1.1. Предмети од имотно – правната област и други права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 354 | |
| Потврдени | 287 | 81,1% |
| Преиначени | 13 | 3,7% |
| Укинати | 17 | 4,8% |
| Отфрлени | 37 | 10,4 |

**Табела 10**

### *5.1.2.Предмети од оласта на урбанизмот, градежништвото и други права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 650 | |
| Потврдени | 484 | 74,5% |
| Преиначени | 67 | 10,3% |
| Укинати | 35 | 5,4% |
| Отфрлени | 64 | 9,8% |

**Табела 11**

## 5.2. Оддел за денационализација и други права

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 611 | |
| Потврдени | 392 | 64,2% |
| Преиначени | 147 | 24,1% |
| Укинати | 44 | 7,2% |
| Отфрлени | 28 | 4,5% |

**Табела 12**

## 5.3. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права

### *5.3.1. Предмети од областа на пензиите и правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 803 | |
| Потврдени | 630 | 78,4% |
| Преиначени | 96 | 12% |
| Укинати | 28 | 3,5% |
| Отфрлени | 49 | 6.1% |

**Табела 13**

### *5.3.2. Предмети од областа на царините и други права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 420 | |
| Потврдени | 259 | 61,7% |
| Преиначени | 125 | 29,8% |
| Укинати | 19 | 4,5% |
| Делумно укинати | 1 | 0,2% |
| Отфрлени | 16 | 3,8% |

**Табела 14**

### 5.4. Оддел за јавни набавки и други права

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 1203 | |
| Потврдени | 941 | 78,2% |
| Преиначени | 133 | 11,1% |
| Укинати | 62 | 5,2% |
| Отфрлени | 67 | 5,5% |

**Табела 15**

### 5.5. Одлуки по жалби од предмети на поранешни судии кои веќе не се во овој суд

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 187 | |
| Потврдени | 125 | 66,8% |
| Преиначени | 33 | 17,6% |
| Укинати | 14 | 7,6% |
| Отфрлени | 15 | 8% |

**Табела 16**

## 6. Состојба со стари предмети во 2017 година

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Предмети што добиле статус на стари | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток стари нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно - правна област и други права "**У-1**" | 3 | 29 | 32 | 28 | 4 |
| Управни спорови од денационализација и други права "**У-2**" | 6 | 36 | 42 | 31 | 11 |
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права "**У-3**" | 17 | 66 | 83 | 73 | 10 |
| Управни спорови од пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права "**У-4**" | 4 | 18 | 22 | 14 | 8 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права "**У-5**" | 6 | 88 | 94 | 75 | 19 |
| Управни спорови од царина и други права "**У-6**" | 10 | 37 | 47 | 39 | 8 |
| Разни управни предмети "**УРП**" | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| Барање за извршување на пресуда "**УИ**" | 3 | 8 | 11 | 6 | 5 |
| Прекршоци "**УПР**" | 4 | 58 | 62 | 51 | 11 |
| Прекршоци "**УПРД**" | 0 | 5 | 5 | 1 | 4 |
| Прекршоци "**УПРЦ**" | 4 | 16 | 20 | 7 | 13 |
| Вкупно | 57 | 363 | 420 | 327 | 93 |

**Табела 17**

## 7. Кратки констанци за просторните капацитети, информатичката технологија и човечки ресурси

### *7.1. Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси*

Имено, во 2017 година, Управен суд беше составен од претседател на Судот и 28 судии. На еден судија му мирува судиската функција бидејќи во 2015 година беше избран за претседател на Вишиот управен суд, а еден судија во 2013 година е избран за член на Судски совет на Република Македонија, поради што му мирува судиската функција во овој суд. Во текот на 2017 година во

Управниот суд, за претседател на Управен суд беше избран судија од Управниот суд, додека на еден судија му престана функцијата, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд, заклучно со 31.12.2017 година, беа предвидени вкупно 134 работни места од кои што 57 беа пополнети, а 77 непополнети.

Во судската служба на Управен суд, во првото полугодие од 2017 година, на четворица вработени им престана работниот однос и тоа на тројца вработени од кои еден виш судски соработник и двајца судски соработници работниот однос им престана поради избор на кандидати за службени на Академијата за судии и јавни обвинители, а на еден виш судски референт работниот однос му престана по негово барање. Во Второто полугодие од 2017 година беа вработени двајца судски службеник со звање помлад судски референт-извршители во писарница со спогодбено преземање од Влада на Република Македонија-Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор.

Заклучно со 31 декември 2017 година, во овој суд беа вработени вкупно 57 лица во рамките на судската служба и тоа:

– 1 судски службеник од категоријата раководни судски службеници и тоа раководител на одделение за човечки ресурси;

– 21 судски службеници од категоријата стручни судски службеници, од кои 1 судски советник, 8 виши судски соработници, 3 судски соработници, 7 помлади судски соработници и 2 советници – информатичари;

– 29 судски службеници од категоријата помошно-стручни судски службеници, од кои 1 самостоен судски референт – водител на писарница, 1 самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, 1 самостоен референт – сметководител, 5 виши судски референти – извршители во писарница, 5 виши судски референти за обработка на документација – дактилографи, 1 судски референт за обработка на документација – дактилограф, 1 виш судски референт – архивар, 1 виш судски референт – благајник, 1 судски референт – доставувач и 12 помлади судски референти – извршители во писарница;

– 3 вработени лица кои вршат технички и помошни работи, од кои 1 оператор на телефонска централа и 2 хигиеничари;

– 3 припадници на судска полиција.

Имајќи ја предвид ваквата состојба може да се забележи дека во 2017 година бројот на вработените во судската служба е зголемен за 2 (две) лица, споредбено со 2016 година, меѓутоа со оглед на вкупниот број предмети што се во работа во овој суд, како и континуираното зголемување на бројот на новопримените предмети, констатација е дека бројот на вработените судски службеници од сите законски предвидени категории, е недоволен за совладување на обемот на работата, што неминовно негативно се одразува на целокупното работење на Судот.

Наведената состојба од гледна точка на човечки ресурси е присутна подолг период во овој суд, бидејќи повеќе од половина работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд се непополнети, што доведува до застој во движењето на предметите и пречекорување на роковите за определени постапувања.

Заради разрешување на претходно констатираната состојба, во текот на 2017 година, до Судски буџетски совет повеќе пати беше побарано пополнување на непополнетите работни места во Судот, со судски службеници од сите категории, со обезбедување на средства за Управниот суд за нови вработувања или со спроведување на постапка за спогодбено преземање на судски службеници од други судови.

Во врска со ова, согласно Законот за судска служба, во 2017 година беше донесен и Годишен план за вработување во Управен суд за 2018 година Су-04.бр.0204-330/17 од 16.11.2017 година и истиот беше доставен до Судскиот буџетски совет.

### 7.2. *Опременост и одржување на зградата на Судот*

Управниот суд своите активности од законски определениот делокруг, се уште ги остварува во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Орце Николов“ б.б. во Скопје, што овој суд од неговото основање го користи врз основа на договор за закуп склучен во 2007 година, меѓу АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост, како закуподавач и Министерството за правда како закупец.

Проблемот со состојбата на дотраеност на објектот, е континуиран и во текот на 2017 година, а речиси секојдневни се проблемите и дефектите на електричната инсталација на објектот, поради што честопати се случуваат дефекти и избивање на осигурачите на таблите за електрична енергија, а честопати осигурачите на таблите за електрична енергија се загреани и од истите се чувствува миризба на изгорено, поради што од превентивни причини, често пати се јавува потребата од исклучување на компјутерите и принтерите за да не настанат поголеми штети. Овој проблем е особено изразен во текот на зимскиот период од годината, бидејќи и системот за греење е со минимален капацитет, поради несоодветноста на грејните тела (фенкулери), така што е неопходно вклучување извесен број дополнителни уреди за греење, со што се оптоварува веќе дотраената електрична инсталација, поради што и на тој план континуирано се превземаат мерки заради елиминирање на евентуални несакани последици, а кои мерки уште повеќе не овозможуваат нормални услови за вработените во овој суд.

Исто така, сериозен проблем во поглед на состојбата на објектот се и оштетувања на кровната констуркција, кои често при обилни врнежи доведуваат до поплавување на просториите на Судот, а кое нешто го оневозможува редовното и нормалното работење. На овој начин не само што се уништуваат предметите, настануваат и дефекти и кај компјутерската опрема која и онака е дотрена, а немаме можност за поправка, ниту набавка на нова. Притоа, на

вториот кат, односно на најгорниот кат од зградата, каде често доаѓа до протекување, се наоѓа и просторијата во која е сместен серверот, поради што, постои опасност од негово поплавување односно оштетување, а што би предизвикало несогледливи последици во работењето на Судот.

Исто така, во поглед на состојбата на објектот, трба да се напомене дека освен 5 (пет) канцеларии на објектот на овој суд, сите други канцеларии и простории, се неклиматизирани, што во летниот период, кога температурите се многу високи, а објектот е од лимена конструкција, ги прави уште по старашни и неподносливи условите за работа на вработените во овој суд, со тоа што во изминатите две години неколку пати имало и потреба од интервенција на брзата помош од причини на неиздржливите високи температури, а поради непостоење на климатизација на објектот.

Во поглед на состојбата на целосната односно над максимална искористеност на административните простори на објектот во кој функционира судот односно вработените во судот, треба да се истакне дека освен претседателите на советите на специјализираните оддели, другите судии работат во канцеларии со друг судија, односно во една канцеларија работат двајца судии, што и тоа како ја отежнува нивната работа. Во однос на писарницата на судот, состојбата е идентична односно само две писарници на специјализирани оддели имаат, посебни простории (канцеларии), додека другите 4 (четири) функционират и работат во две канцеларии од по 16 м2, во кои работа и по 5 (пет) судски службеници, со околу 10.000 предмети во работа, што предизвикува многу проблеми и многу отежнато работење на судските службеници, речиси невозможно функционирање на писарниците. Иста, или идентична е ситуацијата и со канцелариите во кои работат стручните судски службеници, односно во 3 (три) канцеларии работат 17 судски службеници, што е надвор од сите стандарди за нормално работење на службениците.

Исто така, во објектот на судот, има само една просторија за архивирање на предметите, која е целосно искористена, а во овој суд во наредниот период, е потребно да се архивираат околу 100.000 предмети.

За безбедноста на вработените и странките, се грижат 3 припадници на судската полиција.

За одржување на хигиената, во периодот на кој што се однесува овој извештај, се грижеше еден вработен хигиеничар и хигиеничар со кој беше склучен Договор за дело, од причини што вработениот хигиеничар не е во можност сам да ја одржува хигиената на целиот простор, имајќи ја предвид големината на објектот во кој е сместен Судот.

### *7.3. Состојба и активности во делот на информатичката технологија*

Во текот на 2017 година, во одделението за информатика во Судот, се спроведуваа редовните активности поврзани со употребата на АКМИС-информацискиот систем за автоматско управување со предмети, односно редовното користење и внесување на точни податоци за нивна обработка,

користење на истите за генерирање на различни статистички извештаи како месечни, квартални, годишни и други извештаи за потребите на Судот. Редовна техничка подршка за сметководствениот програм АБМС, одржување на хардвер, подесување на параметри за програми кои се веќе инсталирани, инсталирање на нови програми, грижа за безбедносно осигурување на системот, како и заштита на податоците на повеќе локации и медиуми.

Исто така спроведувана беше контрола на пристапот до компјутерската опрема и податоци, како и одржување на целата останата компјутерска опрема, пријавување на дефекти и планови за буџет за потребните материјали за функционирање на целокупниот систем. Остварени беа повремени обуки на вработените за користење, односно ракување со системот и програмите кои се во функција. Континуирано се објавуваа одлуки и други содржини на веб страницата на судот, како и во текот на целата година објавувани се огласи на огласната табла во Судот.

Во анализираниот период, непречено се користи системот за е-приемно, односно систем за скенирање на поднесоците примени во Судот и нивно електронско поврзување со соодветните предмети веќе евидентирани во АКМИС. За таа цел обучени се вработените кои се назначени за извршување на овие работни задачи и во текот на годината непречено истиот се користи што резултира со голем број скенирани поднесоци.

Управниот суд има потреба од вертикално поврзување со повисокиот суд кој одлучува по жалби како би се олеснила и подобрила работата како на првостепениот така и на второстепениот суд.

Во судот, значително е зголемено нивото на користење на електронската достава на адвокатите кои се регистрирани на порталот за е-достава, меѓутоа Управниот суд има потреба од прием на поднесоци преку е-достава како би се олеснила работата во судската архива.

Исто така, и покрај тоа што во изминатиот период со набавка на дополнителни десет компјутерски единици и десет печатари се изврши замена на постоечките речиси нефункционални единици со цел зголемување на брзината и ефикасноста во работењето, Управниот суд сеуште се соочува со голем број проблеми во работата на комјутерската опрема, која со оглед на нејзината старост и дотраеност од која голем дел веќе е нефункционална и потребно е нивна итна промена. За дел од вработените не располагаме со комјутерски единици кои би ги ставиле во функција како средство за работа, а исто така и голем дел не поседуваат доволен капацитет како непречено би функционирале апликациите кои се користат за извршување на работни задачи што влијае на времето и ажурноста при извршување на истите. Од овие причини во неколку наврати се обративме до надлежните институции за обезбедување на средства како би набавиле нова копмјутерска и мрежна опрема.

### *7.4. Односи со јавност*

Во текот на 2017 година, секојдневно беа остварувани контакти со странките и сите други граѓани кои бараа информации во канцеларијата за

односи со јавност на Управен суд, во смила на усна комуникација, како и комуникација преку двете e-mail адреси на Управен суд.

Исто така во текот на 2017 година, за предметите за кои постоеше поголем интерес за јавноста од страна на овластеното службено лице за односи со јавност, телефонски и преку e-mail адресите на Управен суд беа давани сите барани информации и одговори на поставените новинарски прашања, а во врска со ова по потреба беа објавувани и соопштенија за јавноста на официјалните web страни на Управниот суд.

Во текот на 2017 година беа примени вкупно 19 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и по сите е постапено и е доставен одговор во формата наведена во барањето.

Во 2017 година, а заклучно со 31.12.2017 година беа објавени вкупно 9471 одлуки на web страната на Управниот суд.

### *7.5. Јавни набавки*

Во текот на 2017 година беа спроведени и завршени сите јавни набавки кои беа планирани со Годишниот план за јавни набавки за 2017 година и Одлуките за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година, односно беа спроведени вкупно 9 јавни набавки и тоа за материјали за АОП, канцелариски материјали, печатен материјал, средства за одржување на хигиена, гориво, за информатичка опрема, судиска облека-тоги, метални-архивски орамари и систематски преглед на вработените во судот.

Во врска со целокупното работење на Управниот суд потребно е да се истакне дека во текот на 2017 година се продолжи со спроведувањето на преземените мерки од 2016 година за намалување на буџетските трошоци, а конкретно заради намалување на трошоците за поштенски услуги дел од писмената се доставуваат со службеното возило на Судот.

Исто така со цел намалување на буџетските трошоци на Управниот суд, во 2017 година, како и во претходната 2016 година, не беше спроведена јавна набавка за одржување на хигиената во Судот, туку хигиената ја одржуваа хигиеничарка со која беше склучен Договор за дело и хигиеничарката која што во 2015 година беше вработена со преземање од Апелациониот суд Скопје.

И покрај сите тешкотии и проблеми со кои се сооучува Управниот суд од аспект на човечки ресурси, просторното ограничување и опременост, сепак во 2017 година Управниот суд, веќе пета година по ред, успеа да биде ажурен суд.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД**
**Бурим Сејдини**